Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2020 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр. 25/2019"), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

# ОГЛАС
## за доделување на стипендии на талентирани ученици од областа на спортот од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар воучебната 2020/2021 година

Општина Центар-Скопје за учебната 2020/2021 година ќе додели стипендии за талентирани ученици од VI до IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар –Скопје.

### I. Услови за доделување стипендија

Учесниците на огласот треба да ги исполнуваат следните услови:
- спортистите да се редовни ученици од VI до IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на точни (индивидуални) спортски резултати, добиени и потврдени од националните спортски федерации за период од 01.09.2019 година до 31.08.2020 година и да се во согласност со календарот за натпревари на матичните национални и меѓународни федерации:

- Освоено индивидуално прво место (1 бод) на државно првенство;
- Балканско првенство прво место (2 бода);
- Европско првенство прво место (3 бода);

Учество на училишни спортски игри во организација на Општина Центар-Скопје (во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка-девојки и шах) и истите да се прогласени за најдобри поединци.

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од националните и меѓународните спортски федерации, нема да се земаат во предвид.

### III. Потребни документи

Со барањето учениците-спортисти на огласот треба да достават:
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик од VI до IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Центар;
- Биографија на спортистот;
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2019 година до 31.08.2020 година како и признанието за најдобри играчи, стрелци и смечари, прогласени во училишната

„ЛИГА ЦЕНТАР 2019/2020“, објавено на сајтот на Општина Центар-Скопје во четирите спортски дисциплини (фудбал, кошарка, ракомет, одбојка-девојки) и шах.

## IV. Висина на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500 денари и 3.000 денари месечно за осуммесеци во текот на учебната 2020/2021 година:

- За освоени два бода, висината на стипендијата изнесува 2.500 денари месечно;
- За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000 денари месечно и
- За најдобрите поединци-спортисти прогласени во училишните спортски игри „ЛИГА ЦЕНТАР 2019/20“, во организација на Општина Центар-Скопје (фудбал, кошарка, ракомет, одбојка-девојки) и шах, висината на стипендијата изнесува 3.000 денари месечно.

## V. Начин на пријавување

Документите треба да се доставуваат до архивата на Општина Центар-Скопје или по пошта на ул. „Михаил Цоков" бр.1 – Скопје, со назнака „ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР".

## VI. Рок на поднесување документи

Рокот за поднесување на документите е29.9.2020 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени, нема да бидат разгледувани.

- Секој заинтересиран ученик може да поднесе документнти само на еден (1) оглас- култура, наука или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да бидат разгледувани.